Програмата за Мали Грантови на ГЕФ поаѓа од ставот дека глобалните еколошки проблеми најдобро може да бидат адресирани доколку во нивното решавање се вклучени луѓето од локалните заедници и доколку истите имаат директна корист од тоа. ПМГ обезбедува финансиска и техничка поддршка на проекти со кои се заштитува животната средина и во исто време, ја подобрува благосостојбата на луѓето. За да можат да бидат финансирани предлог проектите од ПМГ, тие треба да ги изразуваат критериумите наведени во Програмската Стратегија на Земјата за ПМГ, одобрена од волонтерскиот Националниот Управувачки Комитет (НУК). ПМГ финансиски ги поддржува активностите на Здруженија за развивање на земјата преку проектни активности и резултати од централните области ГЕФ:

1. Биолошка разновидност
2. Климатски промени
3. Деградација на земјиштето
4. Одржливо стопанисување со шумите
5. Меѓународниот води
6. Хемикалии / НОЗ (POPs)

Учество, демократија, флексибилност и транспарентност се темелите на пристапот на ПМГ. Го охрабрува и поддржува учеството на заедниците, локалното население, Здруженија и другите во планирањето, креирањето, спроведувањето и оценувањето на ПМГ: стратегија, проекти, градење партнерства за проширување на програмскиот опсег и пренесување и реплицирање на успешни ПМГ иницијативи, подигнување на јавната свест за глобалните еколошки прашања и промена на јавното однесување, влијание врз политики и програми за животната средина, и мобилизација на материјални и готовински средства за поддршка на проектите и за одржливост на ПМГ.

Важечките „Напатствија, Критериуми и Формулари за ПК и ПП“ можат да се добијат од Канцеларијата на ГЕФ ПМГ Македонија. Податоците изнесени тука се од информативен карактер. ГЕФ ПМГ го задржува правото да ги промени процедурите за пријавување како и документите на ГЕФ ПМГ Македонија.

=================================================================================

**Кој може да се пријави за финансиска помош?**

Право за пријавување имаат **законски регистрирани** Здруженија активни во областа на заштитата на животната средина како и Здруженија кои работат во други области. Во Македонија термините „Невладини Организации (НВО)“ и „Организации на локално ниво“ се регулирани како **Здруженија** со „Законот за Здруженија и фондации“ (Сл.в. на РМ 52/2010). Овие Здруженија се правни субјекти со непрофитни, нерелигиозни и неполитички основи и активности.

Предлог Проекти за финансирање може да бидат поднесувани од Здруженија чија мисија е заштитата на животната средина како и Здруженија кои работат во други области како социјала, култура, младина, родови прашања, итн. Здруженијата мора да се самоводечки, независни, со демократска структура, кои не постојат заради профит и не создаваат профит, кои не се ниту политички ниту религиозни организации, и кои служат за доброто на јавноста. **Фондациите не се подобни за финансиска помош од страна на ГЕФ ПМГ.**

Следниве организации/здруженија **нема да бидат финансирани**: профитни организации, владини институции, единиците на локалната самоуправа, буџетски организации (т.е. образовни институции, болници, јавни претпријатија и слични на нив), како и приватни лица/ организации во приватна сопственост.

**Критериуми за пријавување**

1. Ако Здружението изведува ГЕФ ПМГ еден проект, не може во временскиот период додека го спроведува проектот да добие финансии од ГЕФ ПМГ за втор проект. Кога Здружението успешно ќе заврши проект финансиран од ГЕФ ПМГ, вклучувајќи го и административно затварање на проектот, Здружението може одново да поднесе предлог проект за финансирање до ГЕФ ПМГ.
2. Во случаи кога Здружението има проблеми со спроведувањето на проектот (на пр. недоставени, неправилни извештаи и/или неправилно раководење), тоа Здружение нема право да се пријави за финансиска помош во следните 2 години после затварањето на проблематичниот проект. Оваа одлука ја донесува НУК.
3. Едно Здружение може да добие финансии од ГЕФ ПМГ за еден проект во една оперативна фаза (ОФ6 трае до 30/06/2018 г)
4. Искуство на Здружението кое се пријавува:
   - Здружението да има успешно **спроведено** и завршено најмалку еден проект во областа на животната средина во последните две години. Исклучоци се можни и тие ги одобрува НУК.
   - Пожелно е да има искуство во претходни/сегашни партнерства помеѓу Здружението кое се пријавува и другата-ите организации, иако другата-ите се различни од оние со кои се пријавува за финансиска помош.
   - Пожелно е да има искуство во работење/соработка со локалните заедници и Единиците на локалната самоуправа

**Предлог Проектите ќе се оценуваат врз основа на:**

1. Согласноста со соодветните централни области и оперативни програми на ГЕФ ПМГ
2. Исполнување на критериумите за пријавување.
3. Очекуваните резултати прикажани преку мерливи индикатори
4. Квалитетот (содржината) на предлог проектот
5. Висината на кофинансирање во готовина и во неготовина
6. Вклученоста на локалното население во активностите и резултатите
7. Придобивките за локалната заедница
8. Можностите за надградување на резултатите и примена во други локации
9. Капацитетот и искуството на Здружението
10. Воспоставени партнерства

**Не се финансираат проекти кои:**

1. Како единствена цел/активност имаат: воспоставување или подобрување на рекреативни зони или собирање на отпад, освен ако таквите активности директно влијаат врз еколошко подобрување во приоритетните области на ГЕФ ПМГ и ако осигураат континуитет;
2. Како <u>единствена</u> цел/активност имаат: конструкција (изградба) и одржување на дадени објекти [на пр. системи за одведување на отпадни води (канализација), станици за пречистување на вода или други градежно/изведбени активности];
3. Единствено обезбедуваат директна корист само за правни и/или физички лица и не служат за подобрување на животната средина и на социјално-економските услови за живеење на заедницата;
4. Како активност предвидуваат патување во странство;
5. Се составени од само една активност: на пр. само јавни настани/настапи, само издавање на аудио/визуелни/печатени материјали, стипендии, плати, само истражувања, итн.
6. Содржат трошоци за завршени активности, без оглед што се во соодност со поднесениот предлог проект;
7. Не ги исполнуваат критериумите за пријавување.
8. Прикажуваат кофинансирање во готовински и/или неготовински средства претходно одобрени и кои се дел од тековни проекти (независно од ПП кон ГЕФ ПМГ Македонија) и кои (финансиски и/или материјални) средства се дел од веќе (претходно) друг одобрен и тековен проект, освен ако наведеново не е поткрепено со „Писмо со обврски“ помеѓу финансиерот и ГЕФ ПМГ (Македонија).
9. Друго.

Важечките „Напатствија, Критериуми и Формулари за ПК и ПП“ можат да се добијат од Канцеларијата на ГЕФ ПМГ Македонија. Податоците изнесени тука се од информативен карактер. ГЕФ ПМГ го задржува правото да ги промени процедурите за пријавување како и документите на ГЕФ ПМГ Македонија.

============================================================================

**Процедура за пријавување**

Преку Јавен Повик за поднесување на Проектни концепти (ПК)/Предлог проекти (ПП), ГЕФ ПМГ ги повикува здруженијата да поднесат проекти со активности и резултати кои мора да се во согласност со централните области на ГЕФ ПМГ:

1. Биолошка разновидност
2. Климатски промени
3. Деградација на земјиштето
4. Одржливо стопанисување со шумите
5. Меѓународниот води
6. Хемикалии / НОЗ (POPs)

Предложените активности и резултати мораат да ги исполнуваат наведените критериуми детално образложени во Напатствија, Критериуми и Формулари за пријавување на проектни концепти и предлог проекти. Здруженијата кои се пријавуваат, обврзни се да ги следат Напатствијата и да ги употребуваат дадените формулари.

Фази на пријавување

Има две фази на пријавување:

(а) Проектни концепти и

(б) Предлог проекти

Проектните Концепти и Предлог Проектите се поднесуваат **на Македонски јазик**. На Англиски јазик се поднесуваат:

- Буџет [за Планирачки Грант и за Предлог Проект] и
- Резиме за Предлог Проектот

(а) Прва Фаза – Проектни Концепти (ПК):

Идејата за целиот проект треба да се поднесе во пополнет Формулар за Проектен Концепт. Здружението кое го поднесува Проектниот Концепт (ПК), треба да ги одговори прашањата поставени во формуларот и да се консултира со Националниот координатор (НК). Проектниот Концепт е **обврзен** документ за тие што сакаат да учествуваат во процедурата за избор за доделување финансиска помош од ГЕФ ПМГ. Само **после** одобрувањето (во вид на совет) на Проектниот Концепт од страна на НК, Здружението може да се пријави за Планирачки Грант (ПГ). Поднесувањето на ПГ **не е** обврзно и се бара само кога таквата потреба е неизбежна и само кога ќе го зајакне развојот на Предлог Проектот (ПП). Добивањето на ПГ **не обезбедува** дека поднесувачот на ПП изработен со овој ПГ ќе добие грант; исто така, добивањето на ПГ **го обврзува** поднесувачот да поднесе ПП според овие Напатствија, Критериуми и Формулари за ПК и ПП. Исклучоци се можни но со претходно одобрување на НУК.

НК го евидентира секој ПК, ПГ и ПП и одлучува за неговата компатибилност со Стратегијата и со приоритетните области и принципи на ГЕФ ПМГ. Во рок од најмалку **30 денови** после приемот на ПК ќе се даде одговор (совет за подготвување и испраќање или дополнување на недостатоци/ (не)подобност) на ПК за ПП. Ако ПК потполно или делумно ги исполнува ГЕФ ПМГ приоритетите, НК ќе обезбеди консултации (според принципот „прв пријавен прв услужен“) за поднесувачот за понатамошната подготовка на ПП и за неговото поднесување.

НК може да додели ПГ врз основа на ПК, после консултација со, и после одобрување од членовите на НУК или на редовен состанок на НУК, или без него. Барањата за ПГ се поднесуваат во електронска форма и во печатена форма.

(b) Втора Фаза - Предлог Проект (ПП):

| ПРЕДЛОГ ПРОЕКТОТ СЕ СОСТОИ ОД **СИТЕ** ОВИЕ **ДЕЛОВИ**: | |
|---|---|
| A. | **Формулар за Предлог Проект (насловна страна)** |
| B. | **Формулар за Предлог Проект (текстуален дел)** |
| C. | **Логичка Рамка** |
| D. | **Буџет на Англиски јазик** |
| E. | **Работен план на Проектот со Распоред за Следење** |
| F. | **Резиме на Проектот на Англиски јазик** |
| G. | **Прилози (оригинали и фотокопии)** |

**Доколку некој од горенаведените делови е нецелосен или недостасува, ПП нема да биде разгледуван. Одговорноста за горенаведеново во целост паѓа врз Здружението кое го поднесува ПП. Трошоците за подготовка на ПП се на товар на изработувачите на ПП. ГЕФ ПМГ не гарантира дека поднесените ПП ќе бидат одобрени и не сноси одговорност за евентуалните последици кои можат да произлезат од подготовката на ПК и ПП. Поднесените ПК и ПП не се враќаат.**

**СИТЕ делови (А – Г) се обврзни и треба да се достават во ЕДЕН документ (пакет).**

Дискутираниот и одобрениот од страна на НК, ПК се подготвува и поднесува како ПП. Кога ПП е примен, НК има задолжение **да ја посети локацијата** на ПП (доколку е тоа возможно) и да даде финални совети на подносителот. Посетите ќе се изведуваат врз принципот на редоследност на примање на ПП (прв поднесувач прва посета) или според географската распространетост на одделни ПК/ПП.

Искуството покажува дека подготовката на ПП изискува поголеми и подолги припреми одошто поднесувачот ги претпоставува затоа што треба да се направат прилагодувања кои (ќе) резултираат од советите и консултациите, од партнерствата и кофинансиерите; сево ова може да доведе до одложување на ПП за следниот повик и одлучување. Имајќи го ова во предвид, поднесувачите **треба да настојуваат да ги испратат своите ПП колку што е можно порано,** и да не чекаат до самиот краен рок за поднесување. Поднесувачите на ПП се охрабруваат да размислуваат за можни проектни активности (планирање, дизајн и подготовка) во текот на најмалку 6 месеци пред објавувањето на Повикот за поднесување на ПК/ПП

Валиден е **само** оној ПП кој е подготвен според „Напатствија, Критериуми и Формулари за ПК и ПП“, **мора** да ги одговори сите прашања, и **мора** да ги содржи сите неопходни прилози.

Важечките „Напатствија, Критериуми и Формулари за ПК и ПП“ можат да се добијат од Канцеларијата на ГЕФ ПМГ Македонија. Податоците изнесени тука се од информативен карактер. ГЕФ ПМГ го задржува правото да ги промени процедурите за пријавување како и документите на ГЕФ ПМГ Македонија.

=====================================================================

**Видови на проекти**

**Планирачки грантови**

Планирачки Грантови во износ **до 2.000 САД$** можат да се доделат за развивање – подготовка на ГЕФ ПМГ предлог проекти: на пример анализа на ситуацијата, собирање на информации, научни проценки, подготовка на техничка документација, итн.

**Предлог проекти**

Предлог проекти со максималниот износ **до 50.000 САД$,** со просечен износ на грант од 25.000 САД$. **ГЕФ ПМГ силно препорачува кофинансирање во готовина и неготовина пожелно до 50% од поднесениот предлог проект**

Формула (текстуално): **<u>ФОРМУЛА:</u>**

**Предлог Проект (ПП) = ГЕФ ПМГ + КФ**

**100% = ≤50% + ≥ 50%**

| | | |
|---|---|---|
| **ГЕФ ПМГ +** | Износ кој се бара од ГЕФ ПМГ = | **= макс 50% од ПП +** |
| **+ КФ =** Ко-финансирање = | + Ко-финансирање = | **најмалку 50% од ПП** |
| | **(најмногу 25% од ПП** во неготовина **+ најмалку 25% од ПП** во готовина**)** | |
| **= ПП =** | = Вкупен износ на Предлог Проектот = | **= 100%** |

Формула (сликовито):

| **Предлог Проект = 100%** | |
|---|---|
| **Финансирање од ГЕФ ПМГ** | **Ко-финансирање** |
| **Најмногу 50%** | Неготовина (in-kind) **Најмногу 25%** |
| | Готовина***** (in-cash) **Најмалку 25%** |

Важечките „Напатствија, Критериуми и Формулари за ПК и ПП“ можат да се добијат од Канцеларијата на ГЕФ ПМГ Македонија. Податоците изнесени тука се од информативен карактер. ГЕФ ПМГ го задржува правото да ги промени процедурите за пријавување како и документите на ГЕФ ПМГ Македонија.